**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

---

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2023 година
СКОПЈЕ

# **З А П И С Н И К**
## **од 448-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

**Скопје, јули, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 05.07.2023 година – среда во салата за седници со почеток од 10 часот.

Присутни членови:

- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Оправдано отсутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседателот на Советот - оправдано отсутен
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*– член на Советот по функција

Присутни од стручната служба:

- **ВеснаТолева**, Генераленсекратар
- **м-р Сања Спиридонова**, Помладсоработник
- **Ален Раденковиќ,** Помлад соработник ?

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Пошироко јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели и откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели истакна да со оглед да од страна на кандидат по објавениот оглас за избор на член е поднесен приговор, предложи дополнение на дневниот ред со точка – Одлучување по приговор на кандидатска листа, па во таа смисла го предложи следниот

**Дневен ред**

1.Одлучување по приговор на кандидатска листа;

2.Утврдување на кандидатски листи по објавен Оглас за избор на членови на Судскиот совет на РСМ и тоа за 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Скопје и 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ;

3.Формирање на Комисија за спроведување на избор за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите;

4.Донесување на решение за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ и

5.Разно.

Заменик претседателот на Советот, Ханиф Зендели отвори дискусија по предложениот Дневен ред. Откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го стави на гласање предложениот дневен ред.

Контатира дека со **10 гласа – „ЗА“ и ниту еден „ ПРОТИВ**“ едногласно е усвоен предложениот **Дневен ред.**

**Точка 1**

**Одлучување по приговор на кандидатска листа**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека согласно чл.13 ст.4 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека кандидатите кои не се евидентирани на кандидатските клисти имааат право на приговор до Советот во рок од 48 часа од објавување на листите. На 03.07.2023 година кандидатските листи биле објавени на веб страната на Советот, а на 04.07.2023 година, потточно во законски предвидениот рок е доставен приговор од кандидатот Лазар Нанев на Општата листа за кандидат од апелационо подрачје Скопје и од управните судови.

Во продолжение отвори дискусија по доставениот приговор.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** која истакна дека во материјалите го нема приговорот ниту она што е доставено во прилог на истиот, па од таа причина смета дека како некој кој преседава со седницата треба да го изложи приговорот.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** додаде дека во тој случај остава колешката и член на Советот Павлина Црвенковска да реферира по истиот.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** процедурално и додаде дека во материјалите има општа листа и за кандидат за Врховен суд на РСМ и општа листа за кандидат за апелационо подрачје, како и за управните судови што според неа не треба да се гласа заедно, туку истите да бидат раздвоени бидејќи утврдување треба да биде извршено поединечно на секоја кандидатска листа. Во таа смисла предложи дека најпрво треба да се оди со општата листа за кандидат од Врховен суд на РСМ, бидејќи за тој случај нема приговор и не е спорно, а во вториот дел да се оди со општата листа за кандидат од кандидат од апелационо подрачје Скопје и управните судови.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека по однос на тоа што навела така и ќе се оди. Ќе се утврди прво по однос на кандидат од Врховниот суд, па потоа ќе се оди по втора точка, што значи дека ќе биде одвоено,

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и истакна дека од таа причина и кажала пред да се премине на општата листа каде има поднесено и приговор предлага најпрво да се помине со првата листа за врховен судија, односно да бидат раздвоени.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** се надоврза и додаде дека Дневниот ред е усвоен и треба да се расправа по однос на приговорот и да се одлучи, па потоа ќе се оди по наведеното од колешката.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** дополни дека смета дека не е проблем со оглед на тоа дека под 1 е Општа листа на судии од Врховен суд на РСМ, а под 2 е Општа листа за кандидати од апелационото подрачје Скопје и управните судови, заради поголема прегледност, а приговорот е од кандидат кој бил за апелационото подрачје Скопје и управните судови, по потоа да се разгледа приговорот бидејќи има еден кандидат пријавено и кандидатската листа е само од тој кандидат.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** додаде дека едногласно е изгласан дневниот ред и додаде дека не е никаков проблем да се кажело уште на почеток дека немало потреба за нова точка, приговорот ќе се расправал во првата точка, која е сега втора и кога ќе дошле до тоа да се одлучува за апелационото подрачје Скопје ќе се расправало по приговорот и ќе се одлучело. Додаде дека сега првата точка е приговорот, па потоа ќе се знае дали ќе има еден или двајца кандидати. Притоа се согласи дека тоа ќе оди одвоено.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** се надоврза и истакна да се разгледа приговорот.

За збор се јави ВД Генералниот секретар на Советот и појасни дека кога ги подготвувале материјалите за седница приговорот не бил доставен, истиот е дополнително доставен и затоа во текот на вчерашниот ден писмено бил доставен-поделен на сите членови.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** додаде дека смета дека сите членови го имаат приговорот.

За збор се јави **членот на Советот Павлина Црвенковска** која истакна дека судијата Лазар Нанев поднесува приговор по однос на тоа прво, барањето за потврда и учество во реализацијата на советувања во континуирана обука за судии и јавни обвинители до АСЈО е поднесено на ден 21.6.2023 година по електронски пат до Академијата заведено под СУ.бр.3-97/2023. Од страна на Академијата е наведено дека барањето се поднесува на образец кој е доставен од Академијата на ден 21.6.2023 година во 9,30 часот. Од страна на судијата наредниот ден 22.6.2023 година во 08.01 часот наутро е испратено барањето до Академијата на образецот кој е доставен и од нивна страна. За истото се приложуваат докази. Барање Су.бр.97/23 од 21.6.2023 година, одговор од Академијата од 21.6.2023 година во 09.30 часот од Наташа, барање до Академијата од 22.6.2023 година во 08.01 часот надополнет со дополнително барање во 08.26 часот, одговор по маил од Академијата од 23.6.2023 година. Понатаму во приговорот е истакнато дека видно од архивскиот број на потврдата и на пликото се констатира дека одговорот и потврдата биле изготвени на ден 22.6.2023 година и заведени под архивски бр.03-161/25, а видно од приемот на печатот на поштата во Скопје писмото е испратено дури на ден 26.6.2023 година односно истиот ден кога истекувал рокот. За истото се приложени докази оригинал потврда и оригинал плико со приемен штембил во пошта Скопје со датум 26.6.2023 година. Дополнува дека по електронски пат потврдата му била доставена на ден 25.6.2023 година и со цел да биде запазен рокот на поднесување на документите навремено истите биле поднесени . Како доказ приложува доставена потврда на ден 23.6.2023 година во 09.53 часот по е-маил заведена под арх.бр.03-161/25 од 22.6.2023 година. Во приговорот судијата истакнува и дека во претходно навремено поднесената пријава од тие причини, навремено го доставил барањето за добивање потврда, електронската комуникација и одговорот по електронска пошта од Академијата. Од увидот во пликото наведува дека може да се констатира кога потврдата била изготвена, а кога била испратена по пошта. Дополнето е дека не навлегува во причините поради кои Академијата дури четири дека позиготвување го пратила пликото и одговорот, но од негова страна истакнува дека е навремено побарано и електронски навремено е добиена потврдата и истата навремено е испратена со сите документи во пријавата. Согласно законот за електронски документи како што е наведено на самото барање истото до барателот се доставува во електронска форма и по пошта што значи дека се изедначува доказната вредност. Исто така и во самиот закон никаде не е наведено дека документите мора да бидат доставени исклучиво во оригинал. Понатаму во приговорот навел дека по однос на потврдата од стажот тој податок е дел од базата на податоци за секој судија во Судскиот совет на РСМ, а Советот неспорно располага со тие податоци од каде точно може да се утврди судискиот стаж, исто така тој податок е наведен и во CV кое е доставено и во кое се наведени сите барани податоци, од каде точно се гледа судискиот стаж, што е неспорен факт, како и од самата потврда. Како доказ ја приложил потврдата СУ 04-4-9/23. Како трет елемент

содржан во приговорот наведува дека по однос на оцените за резултатите во работењето издадени од Советот тој податок – документ е извор исто така од базата на податоци на Советот бидејќи тој и го издава и неспорно располага. Како доказ приложил бр.09-10/1 од 10.11.2022 година. Во приговорот дополнил дека од негова страна во законски наведениот рок во прилог на пријавата биле доставени сите потребни документи, а тоа што истите се фотокопија според него не ја намалува нивната вредност, бидејќи истите согласно Законот за електронски документи имаат иста вредност, а Советот располага со истите непосредно со базите на податоци кои се бараат во тие документи. Додава дека податоците за судискиот стаж и податоците кои се однесуваат за оценка на судијата се податоци од базите на податоци на Советот со кои истиот располага. Во таа смисла Советот има изградено судска пракса во претходниот избор на членови по однос на истата процедура, документи и постапка, па од тие причини наведува дека бара приговорот да е усвоен и да биде евидентиран на кандидатската листа.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** отвори расправа по однос на приговорот да се произнесат.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** наведе дека за да се има целосна слика треба да се знае зошто не бил на листата. Тоа било така од причина што покрај потврдата од Академијата што била доставена, она што ја добил по електроснки пат од Академијата, Академијата не ја доставила до Судски совет како до него, а тој ја препратил – доставил со другите документи. Понатаму дададек дека немало потврда за судиски стаж, а Законот за Судски совет во членот 12 предвидува дека подносителот, односно кандидатот доставува. Судскиот совет на обезбедува податоци. Во таа смисла потврда за судиски стаж немало, ниту оценка за резултатите. Точно е дека Советот ги има тие податоци, но кога некој донел закон и има законска регулатива дека кандидатот доставува, членовите на Советот треба да го испочитуваат тоа, како што е и направено и затоа не бил на кандидатската листа. Имал доставено оценка која не била оригинал, ниту заверена копија, имало потврда за вкупен стаж, но не и за судиски стаж. Во огласот што бил објавен услов било документите да се достават во оригинал или заверена копија. Додаде дека како член на Комисијата знае дека тој дополнително доставил потврда за судиски стаж , а 20 години и 11 месеци имал судиски стаж и доставил оригинал по последната одлука за вонредно оценување дека е позитивно оценет, а општо е познато дека до пред 4 години сите судии беа оценувани секоја година, потоа секоја втора година – тие оценки не се доставени. Наведе дека ја зачудува кога кандидат за член за Судски совет, судија, претседател при објавен оглас и при познавање на законот не ги доставил навреме документите. Дополни дека имало во Советот повеќе дискусии за разни случаи и при вонредното оценување и за кандидатите за претседатели, каде во некои случаи се прифаќало дека Советот има база на податоци, а во други случаи се прифаќало дека кандидате се должни да го почитуваат она што е објавено во огласот, има и пракса на судовите, ако не достави по оглас документи дека не се прифаќа кандидатурата-пријавата. Смета дека во тој дел треба да се размисли дали може дополнително доставените документи да бидат прифатени во овој случај.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** појасни дека по однос на наводите изнесени од претходната колешка смета дека едно е недоставување на документи, а друго е според неа доставување на документи во електронска форма, како што е потврдата од Академијата. Потенцира дека денес кога електронската комуникација е службена во цел свет и кога со приговорот е доставена и оригиналната потврда која со задоцнување му е доставена од академијата, мисли дека по однос на овој документ нема никаков проблем да биде прифатена електронски доставената потврда идентична со оригиналот доставен во приговорот. По однос на судискиот стаж доставил но не е наведено од кога е вработен. Околу оценките смета дека ја доставил последната оценка, а оценувањето на судиите и претседателите на судовите го врши Советот, така што по однос на тоа смета дека и ова не е пречка да се прифати кандидатурата бидејќи во Законот на Судски совет на РСМ во чл.12 се наведени документите кои треба да се доставени со пријавата, а кои документи ги потврдуваат условите коишто се наведени во чл.11 од истиот закон којшто докажуваат дека кандидатот ги исполнува условите за избор на член на Судски совет. Дополни дека во досегашните случаи доставувањето на документи и прифаќање на кандидатурата на кандидатите била строго формална, но се соочила со пракса на Советот и критики дека претеран формалозам не е едозволен и смета дека треба да се биде пофлексибилен особено со податоци со кои располага Советот. Па дополни дека тргнувајќи од таквите ставови на работни состаноци донесен е заклучок дека оние податоци кои се имаат во базата за судиите во Советот, а не се доставени не треба да е пречка за да не се прифати таквата пријава. Смета дека се основани наводите во приговорот, дотолку повеќе што оригиналите се доставени со приговорот.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** потенцира дека за неа навистина е нејасно од каде судијата кој го поднел приговорот точно и прецизно ги знае причините поради кои не е евидентиран на кандидатската листа, кога на истиот такво нешто по службена должност. Додаде дека истото си го потврдила и на колегиумот, кога го прашала претседателот на Комисијата дали доставиле службено, на што и потврдиле дека не му се доставува, а по извршен увид во записникот констатирала дека точно како што е таксативно наведено во приговорот од број еден, два три има сознанија зошто му е отфрлена кандидатурата, но тоа останува за проверка. Истакна дека останува на нејзиниот став дека нема да дискутира за работи кои се предмет на прекумерно формализирање, како на пример за дополнително доставени докази, за недоставени докази во целост, за веродостојноста за доставените докази и дали испратен документ по меил може да се смета за оригинал, потоа за фотокопии, оригинали итн, а тоа нешто може да се провери и во наводите истакнати во 412 седница одржана на 17.8.2022 година кога се одлучувало за слична ситуација. Во тој контекст додаде дека видно од тој записник кој веројатно е објавен и на веб страната точно можат да се видат дискусиите на одредени членови кои

денеска молчат, а тоа се случувало пред помалку од една година. Додаде дека е нужно секој од нив совесно и одговорно да постапува кон одлучување во сите работи. Потенцира дека е особено важно Советот за исти или слични прашања и секој поединечно да има конзистентен став, бидејќи во тоа се состои суштината на интегритетот. Формалниот аспект е минорен во споредба  со сите останати аспекти кои се исклучително важни и кои треба да ги поседува еден судија,а понатаму и судија – член на Судски совет, наведе дека станува збор за морални, етички вредности, интегритет, постигнат успех во кариерата и се што личноста како габарит го носи во себе и по што е препознатлив и истакна дека овие аспекти потребно е сите да ги имаат. Советот е исправен пред голем предизивик, особено почнувајќи од 26.4.2023 година и смета дека не се во ситуација билошто да импровизираат, различно да толкуваат и да бидат селективни во одредени ситуации. Смета дека за овие теми денеска нема соговорник за дебата, бидејќи реагираат, па од таа причина денеска гласно ќе молчи и нејзиното мислење појасни дека ќе го изрази преку гласањето и ќе гласа против усвојување на приговорот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека мора да даде своја реплика бидејќи бил споменат интегритет на членови и судии, појасни дека не сака да се расфрлаат со такви термини. Потенцира дека не разговаат во овој момент за избор на член на Судски совет бидејќи во овој момент прашање е навременоста и потполност на пријава на кандидат .

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** потенцира дека од неговото скоро 10 години искуство во Советот смета дека тој никогаш не молчи, па ќе разговара за приговорот и смета дека заслужува за истиот да се разговара по однос на наводите истакнати во него и да се разгледа. Изрази согласност со она што е наведено од колешката Тања, го посочи чл.12 каде детално е прецизирано кои документи се потребни да се доставaт и истите кандидатот ги доставил, а единствено спорно што било за комисијата е формализмот односно дали потврдата за судиски стаж – кандидатот не ги делел вклупниот стаж од оној како судија и истиот доставил потврда дека има вкупен стаж од 30 години. Значи има потврда за стаж, но истата не е прецизирана. Истото се проверува во системот и тоа е податок со кој располага со Советот, па за такви податоци смета дека е неприфатливо. По однос на оценката која ја дава Советот исто така тоа е документ кој произлегува од тука, иако тој доставил копија што според него е ирелевантно. Во делот на оценката и дека доставил само за вонредното оценување, чл.77 од Законот за Судски совет кажува дека истото се врши кога судијата конкурира за избор на судија во повисок суд, за избор на претседател на суд или за член на Советот. Па смета дека сите податоци ги има и смета дека приговорот да се прифати, донесен е заклучок и одлука кога се расправало за кандидатите во повисок суд врз основа на новата методологија, па по спорните пријави одлучува Советот, по однос на прашањето за копија и слично, а се од

базите на податоци со кои располага Советот потенцира дека утврдиле дека треба да се прифатат и така и постапувале. Ќе гласа за усвојување на приговорот, бидејќи и минатиот пат при избор за членови исто така гласал за усвојување на приговорите, каде имало иста или слична ситуација. Појасни и дека конкуренцијата е добра работа и добро е да има двајца кандидати, а судиите при гласањето ќе одлучат со нивниот глас.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** откако констатира дека никој од присутните членови на Советот со право на глас не се јави повеќе за дискусија по однос на првата точка од Дневниот ред го стави на гласање приговорот на судијата Лазар Нанев.

Се констатира дека со 8 гласа ,, ЗА“ и 2 гласа ,,ПРОТИВ“ приговорот е УСВОЕН и Судскиот совет го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Приговорот на Лазар Нанев, судија на Основен суд Кавадарци, заведен под бр.02-1201/15 од 03.07.2023 година, изјавен против објавената општа кандидатска листа за кандидат од Апелационо подрачје Скопје и од управните судови, СЕ УВАЖУВА.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

**Утврдување на кандидатски листи по објавен Оглас за избор на членови на Судскиот совет на РСМ и тоа: за 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Скопје и 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** ја отвори втората точка од Дневниот ред. Истакна дека согласно чл.13 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ од страна на Советот е формирана Комисија за подготвување на кандидатски листи, по што Комисијата изготвила кандидатски листи и истите се објавени на веб страната на Советот, а во предвидениот рок од 48 часа од денот на објавувањето доставен е приговор од кандидат на Општата листа за кандидат од апелационо подрачје Скопје и од управните судови и по одлучување по приговорот истиот е усвоен и предложи да се утврдат кандидатските листи со оглед на новата состојба.

Отвари дискусија по предлогот.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** која објасни дека во изминатиот период дискутирала јасно, отворено, денеска одлучила гласно да

молчи и така да го брани нејзиниот глас против утврдување на листата за предложениот кандидат од Врховниот суд на РСМ за член на ССРСМ и потенцира дека се надева дека нејзиното молчење денес ќе одекне гласно.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** појасни да бидејќи од општата листа за кандидат од Врховен суд на РСМ има само еден кандидат – Наке Георгиев, а по однос на општата листа за кандидат од апелационо подрачје Скопје и од управните судови има двајца кандидати – Антоанета Димовска судија на Основен граѓански суд Скопје и Лазар Нанев, судија на Основен суд Кавадарци. Го стави на гласање предлогот за оваа одлука да биде објавена.

Се констатира дека со 9 гласа ,, ЗА“ и 1 глас ,,ПРОТИВ“ Советот ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**се утврдуваат следните кандидатски листи**

**1.**

**ОПШТА ЛИСТА**

ЗА КАНДИДАТ ОД Врховен суд на РСМ – Наке Георгиев, судија на Врховен суд на РСМ

**2.**

**ОПШТА ЛИСТА**

**За кандидат од апелационо подрачје Скопје и од управните судови**

-Антоанета Димовска, судија на Основен граѓански суд Скопје

-Лазар Нанев, судија на Осноевен суд Кавадарци

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

**Формирање на Комисија за спроведување на избор за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели ја отвори третата точка од Дневниот ред.** Истакна дека согласно член 14 став 1 и 2 од Законот за

Судскиот совет на РСМ, Советот формира Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите. Комисијата се состои од претседател, два члена и нивни заменици. Согласно став 3 од истиот член, претседателот на Комисијата за избор, еден член и нивните заменици се избираат од Здружението на судии на Република Северна Македонија, а еден член и неговиот заменик се избираат од редот на претставниците на здруженијата и фондациите кои работат повеќе од пет години во областа на човековите права и владеење на правото. Бидејќи од страна на Здружението на судии е доставена одлука на Управниот одбор на Задружението за избор на претседтаел, член и нивни заменици на комисија за спроведување на избори на членови на Судскиот совет на РСМ со која се предлоќени за претседател на комисијата Субхи Јакупи, судија на Виш управен суд, заменик Ненад Савески, судија на ОКС Скопје, за член –Влатко Самарџиски-судија на АС Скопје, заменик член Кети Германова, судијја на ОГС Скопје. Од Адвокатската комора предложена е за член Виолета Василева-адвокат од Скопје, а заменик член Оливер Гашев-адвокат од Велес.

Предложи да се донесе одлука за формирање на Комисија по однос на истото.
Отвори дискусија по однос на предлогот.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** појасни да бидејќи гласала против за утврдување на кандидатските листи и најпрво прашала дали посебно или заедно одат, па побара да Советот одлучи дали е потребно да биде иземена од ждребање на член на комисија со цел да не се доведе понатаму под сомнеж било какво нејзино постапување.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** и посочи дека ждребање во конкретниот случај нема бидејќи во ваков случај Советот согласно одредбите се носи одлука за формирање Комисија од редот на судиите.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** појасни дека со оглед на тоа што има номинации само треба да се констатира кои се номирираните членови, а не да се расправа.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна благодарност по однос на изнесеното од страна на претходно изнесеното и во продолжение го објасни начинот како е формирана Комисијата и ја прочита следната

**О Д Л У К А**

**За формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите**

Се формира КОМИСИЈА за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите, во состав од:

1. **Субхи Јакупи,** судија на Виш управен суд - претседател на Комисија,
2. **Ненад Савески**, судија на Основен кривичен суд Скопје - заменик претседател на Комисија,
3. **Влатко Самарџиски**, судија на Апелациониот суд Скопје - член на Комисија,
4. **Кети Германова**, судија на Основен Граѓански Скопје- заменик член Комисија,
5. **Виолета Василева -** адвокат од Скопје- член на Комисија и
6. **Оливер Гашев –** адвокат од Велес - заменик член на Комисија.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** во продолжение додаде дека Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите согласно чл. 14 ст.9 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019) го подготвува изборниот материјал, формира изборни одбори и ги спроведува изборите на членови на Советот од редот на судиите. Истакна дека имајќи предвид дека треба да се формира и предложи секретари на оваа Комисија од страна на Судски совет да бидат секретар на комисијата - Јулијана Георгиевска и заменик секретар м-р Сања Спиридонова.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

**Донесување на решение за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** ја отвори 4-тата точка од Дневниот ред и истакна дека согласно член 22 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија предвидено е спроведување на гласање за кандидатите по кандидатските листи за избор на членови на Советот, поради што потребно е да се донесе решение за спроведување на избор на членови на Советот од редот на судиите. Имајќи го предвид фактот и член 8 од Деловникот за работа на Судски совет на РСМ се донесува одлука согласно таа одредба за спроведување на избори, па предложи за денот на спроведување на изборите да биде 13.07.2023 година.

Отвара дискусија по однос на горенаведеното.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** која процедурално а бидејќи гласала против кандидатските листи појасни дека смета дека не треба да гласа, а воздржано не може да гласа, иако денот воопшто не е спорен за

неа. Дополни да бидејќи мнозинството ја донело одлуката доколку сметаат ќе остане и ќе гласа, а во спротивно ќе ја напушти салата.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** и додаде дека нема причина според него да не биде присутна и да не гласа бидејќи се определува само датум за спроведување на изборите без оглед на тоа како претходно гласала.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** појасни да бидејќи Советот се произнел така ќе гласа.

Откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за дискусија го стави на гласање предлогот да се донесе решение за спроведување на избор на членови на Советот од редот на судиите од апелационото подрачје Скопје и од Врховниот суд на РСМ.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА““ и ниту еден против се донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ**
**ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ од апелационо подрачје Скопје и од Врховниот суд на РСМ**

I Се спроведува избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонијаод редот на судиите

II Изборот ќе се одржи на ден 13.07.2023 година.

III Решението ќе го спроведе Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите.

IV Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

**Разно**

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** наведе дека нема судии кои може да се пензионираат, па ги повика останатите членови ако имаат нешто да додадат за под оваа торчка од Дневниот ред за да се дискутира.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека дека сака да ги извести по однос на тоа како се одвива редовното оценување.

Оценувањето на судиите согласно новата медотологија се состои во два дела, првиот дел оценувањето го спроведуваат самите судиите, вториот дел Судскиот совет . Оценувањето е завршено на судовите во апелационото подрачје Битола, потточно Основен суд Битола Основен суд Крушево, Основен суд Ресен, Основен суд Струга, Основен суд Прилеп, а исто така е завршено оценувањето на апелационото подрачје Штип, односно во Основен суд Берово, Основен суд Виница, Основен суд Радовиш, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица, Основен суд Делчево, Основен суд Кочани и Основен суд Штип. Додаде дека според истото најверојатно на некоја од наредните седници ќе бидат изготвени решенијата. По однос на некои работи треба да се договорат со ЕДУСОФТ во делот на пресметување на нормата кај некои судови, очекува и дека останатите подрачја се при крај со оценувањето и истакна дека оценувањето тече добро.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** смета дека истото прво ќе разговара на работен состанок, а истакна дека е точно дека оценувањето добро тече и е при крај, се јавуваат проблеми со пресметка на ориентационата норма – за секоја година одделно, се надева дека ќе биде надминато. Во однос на оценувањето на претседателите завршено е од страна на Комисијата во тек е изготвување на обрасците а потоа откако ќе бидат оценети како судии ќе се формира единствена оценка ако работеле судски предмети не само од управа. Завршено е за судиите од апелационите судови, ттреба да разгледаат да се види во што е проблемот и на кој начин ќе се надмине со пресметката на ориентационата норма, бидејќи има различни норми во изминатите 4 години, а не знае дали системот тоа го препознава.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека за истото најдобро е да се разговара на работен состанок и притоа констатираше дека Дневниот ред е исцрпен и дека седницата е завршена во 11,15 часот.

Се напоменува дека тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**KËSHILLI GJYQËSOR**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**Hanif Zendeli**

Изработил: м-р Сања Спиридонова

Одобрил: Весна Толева